**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-5754/**

# З А П И С Н И К

**Од 170.седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на 25.11.2021 година.**

| |
|---|
| **ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:**<br>проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија-Зам.претседател на Програмскиот совет на МРТ, Снежана Клинчарова, м-р Ристе Панов, Гајур Рамадани, Илир Рамадани,Златко Јанковски, Косана Мазнева Николиќ Ивана Трајковска, Селпин Керим, м-р Јагнула Куновска и Анита Латифи. |
| |
| **ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:**<br>д-р Агим Лека. |
| |
| **ДРУГИ ПРИСУТНИ:**<br>Горан Атанасов-директор на заеднички функции и администрација во МРТ. |

***Во согласност со препораките на Владата на РМ дадени поради настанатата состојба со Ковид кризата во државата, 170.седница на Програмскиот совет на МРТ се одржа во онлјан формат односно преку платформата Скајп.***
Седницата започна во 12:00 часот.
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет на МРТ го разгледа предложениот Дневен ред.
Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои следниов Дневен ред и продложи да работи по истиот.

## Д Н Е В Е Н  Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на записникот од 169.седница на Програмски совет на МРТ.

2. Разгледување на Информација по однос на Годишниот план за вработување на ЈРП МРТ за 2021 година.

3. Разгледување на Информација од Одделението за правни работи по однос на Согласноста за емитување програма-БИРН Косово.

4. Разгледување на Договори за копродукција 2021/22 година.

5. Разгледување на Извештај на Агенцијата за аудио и аудиовизулени медиумски услуги по повод известувањето на националните телевизии за Локалните избори 2021.

6. Разно.

**ТОЧКА1:Разгледување и усвојување на записникот од 169.седница на Програмски совет на МРТ.**
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 169.седница на Програмскиот Совет на МРТ.
По расправата записникот од 169.седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање со констатираните забелешки.
Со дадените забелешки на записникот,по извршеното гласање се констатира дека записникот од 169.седница на Програмскиот совет на МРТ е едногласно **усвоен** од Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА 2:Разгледување на Информација по однос на Годишниот план за вработување на ЈРП МРТ за 2021 година.**
По однос на оваа точка од дневниот ред беше доставен на разгледување Годишниот план за вработување на ЈРП МРТ за 2021 година и Информација во која беше објаснето дека првичното одобрување на Годишниот план за вработување за 2021 година беше одобрен за нови вработувања на 18 (осумнаесет) лица кои подоцна поради зголемен број пензионирања и починати лица од коронавирус, преку измена на Годишниот план за вработување за 2021 година дојдоа до 27 (дваесет и седум) нови вработувања за годината.
Согласноста на Годишниот план за вработување за 2021 година се однесува за обезбедени средства во Финансискиот план на МРТ за нови вработувања од втората половина на 2021 година, така што новите вработувања во секој случај можат да се реализираат само во периодот на кој се однесува согласноста, односно од месец јули или август.
Согласноста од Министерство за финансии за обезбедени средства во Финансискиот план на МРТ е последен документ што е потребен за започнување на процесот на вработување и неговото издавање е побарано на 02.07.2021 година и вообичаено не се чека на неговото издавање повеќе од еден месец, како што е тоа во случајов.
Информацијата содржеше и одговор од Директорот на МРТ дека во врска со Заклучокот со горенаведениот број и датум со којшто се задолжува Директорот на МРТ да достави информација во врска со Годишниот план за вработување за 2021 година, Ве известуваме дека побараната информација директно се однесува на начинот на водење на деловната политика на МРТ.Деловната политика на МРТ се води во согласност со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Статутот на МРТ каде што се прецизно определени надлежностите и ингеренциите на органите на управување на МРТ.
Анита Латифи се јави за збор и потсети дека на 168.седница на советот постави прашање зошто е доставено барањето за согласност дури во јули 2021 година, а Директорот на МРТ тогаш имаше објаснување дека брањето е доставено во 2020 година, но бидејќи биле враќани на одредени корекции ова сега на 02.07.2021 година е последно испратено со внесени корекции. Од доставениот материјал се гледа дека не се работи за корекции побарани од споменатите министерства, туку за измени направени од страна на МРТ, при што се избришани работните места кои биле предвидени за новинари за МТВ2.
Анита дополни дека е познато согласно закон Програмскиот совет на МРТ ги штити интересите на јавноста во поглед на програмските содржини кои ги емитува МТВ, но програмски содржини без човечки ресурси не може да се обезбедат, исто така сголасно Законот за аудио и аудиовзиуелни медиумски услуги од 2016 година, МРТ обезбедува и 24 часовна програма на албански јазик, во 2020 година почна со работа новиот програмски сервис на 24 часовна прогама на албански јазик, а сеуште нема ниту едно обезбедено работно место за истиот тој програмски сервис, и сето ова кажува доволно на водењето на деловната политика на Директорот на МРТ,исто така и во Програмата за работа на МРТ за 2021 година ако добро се погледне ќе увидите дека многу проекти и емисии не се реализирани, и за крај поради законскиот лавиринт во кој се наоѓаме како Програмски совет на МРТ и поради арогантниот однос на Директорот на МРТ на моите прашања, залудно е да ја споменам нашата надлежност за негово разрешување,туку можам само да кажам дека нема да го подржам неговиот начин на водење на деловна политка.

**ТОЧКА 3:Разгледување на Информација од Одделението за правни работи по однос на Согласноста за емитување програма-БИРН Косово.**

Пред присутните членови беше доставена Информација од Одделнието за правни работи во врска со задолжениено опфатено во Заклучок заведен со арх.бр. 02-5563/3 од 12.11.2021 година доставено до Одделение за правни и нормативни работи од Програмскиот совет на МРТ, со кое се задолжува правната служба на ЈРП МРТ да достави информација дали емисијата ,,Дебат Перниме"-дебата со кандидатите за локалните избори 2021 во Р.М. реализирана од копродукцијата ,,Kallxo com"од Косово, чиј автор е новинарката Јета Џара,е во согласност со Правилникот за начинот и постапката за спроведување на јавни конкурси,начинот и постапката за набавка на аудио или аудиовизуелни дела,односно програмски содржини како и склучување на Договори и членот 12 од овој Правилник.

Заменик претседателот на Програмскиот совет Ведат Мемедалија по разгледување на Информацијата со забелешка дека Одделението за правни работи на МРТ цело време се обидува да го избегне одговорот дали оваа согласност е согласно правилата во куќата, и од ова излегува дека јас сум имал право дека не е почитувана постапката за спроведување јавни конкурси и за склучување договори.Ведат исто така додаде дека за наредна седница на Програмскиот совет ќе се потруди да обезбеди мислење од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги каде што се кажува дека е истото спротивно од правилникот и членот 12.

**ТОЧКА 4:Разгледување на Договори за копродукција 2021/22 година.**

Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац со забелешка дека по оваа точка не се добиени бараните материјали.

Директорот на заеднички функции и администрација во МРТ Горан Атанасов зема збор и објасни дека материјалите по оваа точка ќе бидат доставени на некоја од наредните седници, а во прилог на тоа ви е доставен еден краток допис со информативен карактер во кој се објаснува дека сме навистина оптеретени со работа и имаме тековни процеси кои се случуваат во моментот,а вработените секојдневно се намалуваат по разни основи, и затоа со тој допис всушност се бара разбирање од вас за ваквите случаи.

Заменик претседателот на Програмскиот совет Ведат Мемедалија со прашање дали е објавен Јавен конкурс за избор на програмски содржини, бидејќи согласно член 82 став 2 од Статутот на ЈРП МРТ мора да биде објавен најдоцна 15 дена од денот на носење на Годишната програма за работа на МРТ.

Снежана Клинчарова истакна дека нема никаква смисла материјали да се добиваат на денот на самата седница, и ние согласно Деловникот за работа материјалите треба да ги имаме најмалку 5 дена пред одржување на седницата, што значи материјалите треба да бидат изготвени па да се закаже седница, инаку вака навистина нема смисла, и треба да се искординираат сите тие процеси за да можеме да закажуваме и да одржуваме релевантни седници како што треба, со навреме добиени и прочитани материјали, и да дојдеме подготвени на седница.

После расправата по оваа точка беше предложен **Заклучок**:

●Програмскиот совет на МРТ го задолжува Директорот на МРТ да достави Информација дали согласно член 82 став 2 од Статутот на ЈРП МРТ има објавено јавен конкурс за избор на програмски содржини.

-Заклучокот беше едногласно **усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА5:Разгледување на Извештај на Агенцијата за аудио и аудиовизулени медиумски услуги по повод известувањето на националните телевизии за Локалните избори 2021.**

По однос на оваа точка од дневниот ред беше доставен на разгледување Извештајот на Агенцијата за аудио и аудиовизулени медиумски услуги за известувањето на националните телевизии за првиот и вториот круг на локални избори во кој Извештај е потенцирано дека Програмските сервиси на Јавниот радиодифузен сервис ги почитуваа законските барања за структурата на дневноинформативните емисии, за емитување дебати и бесплатно политичко претставување. МРТ1 обезбедила информирање за изборниот процес и за лицата со сетилна

попреченост. Собранискиот канал емитуваше бесплатно политичко претставување на повеќе учесници во изборите, распоредувајќи го времето според законската одредба.
Првиот програмски сервис на Македонската телевизија – МРТ1 во анализираните изданија на дневноинформативната емисија Дневник 2, ја почитувал обврската од Изборниот законик да обезбеди известувачки баланс исполнувајќи двојна формула, за математичка поделба на вестите на: 30% прилози за дневни настани од државата и од светот, 30% за активности на политичките партии од власта, 30% за активностите на политичките партии од парламентарната опозиција, и 10% за активностите на политичките партии што не се претставени во Собранието и за независните кандидати, како и за распределба на времето во секоја од целините во согласност со принципите утврдени во Изборниот Законик, додека МРТ 2 не ги исполни обврските од Изборниот законик – програмата да ја адаптира на знаковен јазик за лицата со оштетен слух.
Членот Ристе Панов по однос на Извештајот на Агенцијата за аудио и аудиовизулени медиумски услуги за известувањето на националните телевизии за првиот и вториот круг на локални избори, објасни дека разгледувакјќи ги двата извештаи може да се увиди дека и првиот и вториот сервис на МТВ како и сервисите на Македонското радио се придржувале кон одредбите од Изборниот законик, како и тоа дека е постигнато непристрасно и избалансирано известување на сите политички субјекти кои учествувале во процесот.

**ТОЧКА 6:Разно.**
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац по однос на оваа точка пред присутните членови даде еден краток извештај за средбата на работната група која што работи на проектот на ЕУ за јавните медиумски сервси на западен Балкан, на тема „Раздвојувањето на уравување и менаџмент“, на која се говорело меѓудругото за предизвиците со кои се соочуваат сите јавни сервиси од западниот Балкан,и ние како престатвници на ЈРП МРТ се заблагодаривме за помошта на нивните експерти кои помогнаа да ја донесеме Стратегијата за развој на МРТ, и побаравме помош и за понатамошните активности кои ги имаме, а разбравме дека менаџментот на МРТ побарал помош за висината на Буџетот кој МРТ го добива од државата.
Исто така побаравме мислење за член 105 став 10 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за кој дискутираме последниве месеци, и тие ни рекоа дека ќе разгледаат компаративни искуства и дека ќе ни испратат,бидејќи немаа спремен одговор бидејќи не е вообичаено оваа одредба да биде дел од налдежностите на управните тела.
Заменик претседателот Ведат Мемедалија дополни дека на средбата било посочено да се подготви терен за инкорпорирање на работното место Омбудсман на Јавниот радиодифузен сервис.
Во продолжение беше разгледан и допис од Синдикалната организација на МРТ со бр.03-5686/1 со кое се бара усогласување на минималната плата, на што беше одговорено дека Програмскиот совет на МРТ пред ова до Синдикалната организација на МРТ има доставено неколку барања за решавање на проблемите на вработени во МРТ, пред се снимателите и пожарникарите, а дека за усголасување на платите додека има ваков скратен буџет нема реален простор за преговори.

Седницата заврши во 13:10 часот.

Записничар
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател